Согласно член 385 од Законот за трговски друштва како и согласно член 29 од Статутот на АД "Фустеларко Борец" - Заштитно друштво Битола, Индустриска бб, а врз основа на одлуката на Одборот на директори од 18.11.2019 година, се објавува следниот

# ЈАВЕН ПОВИК

Се свикува Собрание на акционери на АД "Фустеларко Борец" Заштитно друштво - Битола.

Собранието ќе се одржи на ден 21.12.2019 година /Сабота/ со почеток во 10 часот во деловните простории на друштвото, Индустриска б.б., Битола.

За Собранието се предлага следниот

# ДНЕВЕН РЕД

1.Избор на претседавач.

2.Избор на Верификациона комисија од 3 члена, записничар, еден бројач на гласови и двајца заверувачи на записник.

3.Одлука за распределба на дивиденда од нераспределена добивка од минати години.

Вкупниот број на акции со право на глас е 71.709 акции.
Право на учество во работата на Собранието и право на глас има секој акционер, лично или од него именувано лице, кое ќе го претставува во Собранието со писмено полномошно.

Образецот за полномошно може да се преземе од интернет страницата www.fustelarko.com.mk.

Акционерите за даденото полномошно го известуваат друштвото на меил finance@fustelarko.com.mk.

Акционерите можат да предлагаат точки во дневниот ред во рок од 8 дена од денот на објавата на Јавниот повик, согласно член 390 од Законот за трговски друштва ( детални информации на официјалната интернет страница).

Акционерите можат да извршат увид во материјалите на друштвото за предложените точки од дневниот ред во правна служба секој работен ден од 10 до 14 часот, како и на официјалната интернет страница на друштвото www.fustelarko.com.mk.

ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ